# МЕСЕЧНИК
## за криминалот од омраза

**СЕПТЕМВРИ 2020**

Кривичните дела мотивирани од нетолеранција, односно предрасуди кон одредена група во општеството се опишуваат како криминал од омраза. За постоењето на овој вид криминал треба да се исполнети два услови: делото мора да е предвидено во кривичното право и сторувањето мора да е мотивирано од некоја предрасуда. Мисијата на ОБСЕ во Скопје го поддржува Хелсиншкиот комитет за човекови права при регистрацијата и мапирањето на делата од омраза. Овој месечник обезбедува приказ на сите регистрирани инциденти во текот на последниот месец.

## ИНЦИДЕНТИ

**Предизвикани од омраза овој месец** **5**

### ВИД НА ИНЦИДЕНТ

| | | |
|---|---|---|
| 0 оштетување на имот | 0 уништување на симболи | 2 телесна повреда |
| 0 разбојништво | 0 Ширење на расистички и ксенофобичен материјал по пат на компјутерски систем | 3 насилство |
| 0 сериозна закана | 0 загрозување на сигурноста | 0 предизвикување на омраза, раздор или нетрпеливост |

## РЕАКЦИИ

**7** **Реакции овој месец**

### ВИД НА РЕАКЦИЈА - ОСУДА

| | | |
|---|---|---|
| 3 од функционер | 0 религиски водач | 2 граѓанско здружение |
| 1 протест | 1 отстранување последица | 0 друго |

**ВО СЕПТЕМВРИ 2020 ГОДИНА**

**2 : 3**

верификувани : неверификувани

### КАРАКТЕРИСТИКИ НА ЖРТВАТА:

| етничка припадност | верска припадност | политичка припадност | сексуална ориентација | друго |
|---|---|---|---|---|
| 80.0% | 0.0% | 20.0% | 0.0% | 0.0% |

**Вкупен број на инциденти во 2020 година: 79**




### ИНСТИТУЦИОНАЛЕН ОДГОВОР

| | |
|---|---|
| откриени сторители | 3 |
| кривични пријави | 1 |
| прекршочни пријави | 0 |
| тековни судења | 0 |

### ИНЦИДЕНТИ СПОРЕД ЛОКАЦИЈАТА

Скопје - **3**
Тетово - **1**
Битола - **1**




### Издвоен инцидент

**Полициско насилство и дискриминаторски третман врз двајца Роми во Битола**

На 24.09.2020 година на социјалните медиуми беше објавено видео на кое јасно се гледа како полициски службеници во Битола тепаат лица, припадници на ромската заедница. Бруталното постапување на полицијата во овој случај е мотивирано од предрасудите и нетолеранцијата на службениците кон ромската етничка заедница. Инцидентот во Битола се случува само три месеци по полициската бруталност врз бездомни лица-Роми кои живеат под Железничката станица во Скопје. Ромите во земјава секојдневно се соочуваат со системска дискриминација во речиси сите општествени сфери, со континуирани тешкотии во остварување на правата во сите области, а сето тоа се отсликува и во односот на полицијата кон овие луѓе. Во конкретниот случај, трите лица припадници на ромската етничка заедница биле тепани, навредувани, вознемирувани со различни изрази и неосновано задржани во полициска станица до 5 часот наутро. Лицата сакале случајот да го пријават во Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди при МВР, но биле одбиени."

Содржината на ова издание не секогаш ги одразува погледите или ставовите на Мисијата на ОБСЕ во Скопје.

OSCE Organization for Security and Co-operation in Europe
OSCE Mission to Skopje

ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

ЗЛОСТОРСТВА ОД ОМРАЗА

zlostorstvaodomraza.mk
helkom@mhc.org.mk
++389 (0)2 3119 073